**ЗАПИСНИК**
**од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 28.03.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.03.2022 година.
2. Предлог-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.
3. Предлог за утврдување на став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2021-ва година.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.03.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година. Објасни дека предложениот документ кој е во финална форма не се разликува од Нацрт верзијата што претходно беше усвоена, таа е идентична со претходната верзија освен што се коригирани евентуални технички грешки.

Г-дин Петрушевски рече дека неговиот став во однос на Извештајот не е изменет од претходниот пат, односно повторно го поддржува Извештајот во оваа форма како што е предложен, а дискусијата што ја кажал минатиот пат си останува забележана во записникот што се усвои на денешната седница.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува Годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година (со Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2021 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2021 година и годишната сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2021 година), со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за утврдување на став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2021-ва година. Објасни дека врз основа на Ревизорскиот извештај кој е доставен во материјалите за седницата се предлага да се усвои ставот дека Советот се согласува во целост со заклучоците и препораките што ги дава независниот ревизор.

Советот на Агенцијата едногласно го утврди ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2021 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во целост се согласува со мислењето дадено во Ревизорскиот извештај за 2021 година, заверен во архивата на Агенцијата под број 03-1117/2 од 22.03.2022 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот став да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-1198/4

31.03. **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**